*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник на Општина Штип Излегува по потреба | Број 2 26 февруари 2010 година Ш т и п | ГОДІНА XLVII |
|---|---|---|

22.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ИСАР“ ЗА ПРОДАЖБА НА
НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО СОПСТЕНОСТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“ за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП „Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-990/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

23.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ИСАР“ ЗА
ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО
СОПСТВЕНОСТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката број 02-288/3 за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП „Исар“-Штип од 16 февруари 2010 година на Управниот одбор на ЈП „Исар“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесува-њето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-990/1
24 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

24.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП „Исар“-Штип Управниот одбор на седницата одржана на 16 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ
ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

Член 1

ЈП „Исар“-Штип продава недвижен имот – деловен простор:

1. Деловен простор со вкупна корисна површина 47м$^2$, ДП4 кој се наоѓа на ул. „Сутјеска“ 6б на КП број 5205 за КО Штип-2.
2. Магацински простор со вкупна корисна површина 232м$^2$, ДП3, кој се наоѓа на ул. „Сутјеска“ 6б на КП број 5205 за КО Штип-2.

Член 2

Продажбата на недвижниот имот ќе се изврши по пат на јавно наддавање. Комисијата за јавно наддавање ќе ја формира директорот на ЈП „Исар“-Штип.

Член 3

Вкупната проценета вредност на деловниот простор со вкупна корисна површина 47м$^2$ изнесува 108.755 евра.

Вкупната проценета вредност на магацинскиот простор со корисна површина 232м$^2$ изнесува 192.310 евра.

Член 4

По спроведеното јавно наддавање со купувачот ќе се склучи Договор за купопродажба.

Член 5

Средствата од продажба на деловниот простор ќе бидат наменети исклучиво за плаќање на долгот спрема ЕВН Македонија ад Скопје.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се спроведе по добивање на согласност од Советот на Општина Штип.

Управен одбор на ЈП „Исар"-Штип
Претседател

Тоше Тулиев, с. р.

25.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ
„ИСАР"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунално производни и услужни работи „Исар"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-991/2
26 февруари 2010 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

26.

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 21 став 1 точка

35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ
„ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“ број 02-155/2 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на 2 февруари 2010 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесува-њето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-991/1
24 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

27.

Врз основа на член 26 од Статутот на Јавното претпріајтие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип Управниот одбор на седницата одржана на 21 јануари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ
И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Во член 7 од Статутот на ЈП „Исар“-Штип се воведуваат следниве нови дејности:

42.11 Изградба на патишта и автопати
42.21 Изградба на комунални објекти за течности
42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место
43.11 Уривање
43.12 Подготвителни работи на градилиште
43.21 Електроинсталатерски работи

Член 2

Во член 34 точка 7 се менува и гласи: РЕ „Одржување на улици и патишта“ се додава точка 8 која гласи „Заеднички служби“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето согласност од Советот на Општина Штип.

Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип
Претседател

Тоше Тулиев, с. р.

28.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ
„ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунално производни и услужни работи „Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-992/2
26 февруари 2010 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

29.

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03,

18/07, 11/08 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ
„ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“ број 02-236/2 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на 8 февруари 2010 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесува-њето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-992/1 — Совет на Општина Штип
24 февруари 2010 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска

30.

Врз основа на член 19 од Статутот на Јавното претприајтие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип Управниот одбор на седницата одржана на 5 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ
И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Во член 27 став 1 алинеја 2 се менува и гласи: да има 3 години работно искуство.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето согласност од Советот на Општина Штип.

Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип
Претседател

Тоше Тулиев, с. р.

31.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАТФОРМА ЗА ИЗБОР НА
СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА И
ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО (УЛИЧНОТО)
ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Платформа за избор на стратешки партнер за модернизација и осовременување на јавното (уличното) осветлување на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-993/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

32.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАТФОРМА ЗА ИЗБОР НА
СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА И
ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО (УЛИЧНОТО)
ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се усвојува Платформа за избор на стратешки партнер за модерни-зација и осовременување на јавното (уличното) осветлување на Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-993/1 Совет на Општина Штип
24 февруари 2010 година Претседател

Ш т и п Сузана Николовска

33.

ПЛАТФОРМА ЗА ИЗБОР НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО (УЛИЧНОТО) ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП

1. **Стратешки партнер**

Преку **јавен оглас-тендер** се прибираат понуди за избор на стратешки партнер за модернизација и одржување на уличното осветлување во Општина Штип.

**Стратешкиот партнер** на локалната самоуправа и нејзините установи во развојот на комуналните услуги и зголемувањето на ефикасноста во користењето на енергија, зазема активна улога во развојот на инфраструктурните потреби, во модернизацијата и осовременувањето, како би се достигнале стандардите на Европската Унија.

**Стратешка цел** е понуда на алтернатива на локалната самоуправа и на домашните фирми при реализирање на инвестиции насочени во зголемување на енергетската ефикасност, со што се постигнува заштеда на трошоците и се смалува оптоварувањето на животната средина.

**Буџетот на општината не се оптоварува**. Проектот се финансира по пат на аконтација, а целокупниот трошок може да се отплати во рок кој одговара на локалната самоуправа од заштедените трошоци, кои би се постигнале како резултат на модернизација и осовременување на системот за јавно осветлување. Што значи без оптоварување на сопствениот буџет на локалната самоуправа може да се отпочне со **озбилен развоен проект**.

Се добива **потполна гаранција** од стратешкиот партнер за беспрекорно функционирање на изградените и во работа пуштени системи, како и за предвидената заштеда.

Во областа на модернизацијата на електричните енергетски инсталации стратешкиот партнер нуди потполна услуга во припрема на инвестицијата, согласно потребите преку изведување на работи до долгорочно одржување, со ефикасно контролирање на трошковите.

2. **Гарантирани резултати од партнерот**

- Смалување на енергетските трошоци.
- Беспрекокрно, квалитетно и непрекинато снабдување.
- Модерни, висококвалитетни инсталации кои ја штедат енергијата.
- Предвидливи резултати, што се гаранција за прогнозираната заштеда.
- Развојни проекти, што може веднаш да се остварат, без врзување на сопствени буџетски средства, по пат на аконтација.

- Континуирано информирање за технолошките иновации.

3. **Осовременување, модернизација и развој на системот за јавно осветлување без сопствени буџетски трошоци**

Со помош на современи, штедливи и за заштита на околината поволни уреди, се заштедува значајна количина на електрична енергија, а покрај тоа се создаваат здрави и удобни услови за живеење и работење, кои одговараат на најстрогите нормативи на Европската Унија.

По снимањето на состојбата, изработката на планот и предлогот за модернизација, преку тендер се избира стратешкиот партнер, кој изведувачките работи ќе ги реализира брзо прилагодувајќи се на работењето на подизведувачите во локалната самоуправа.

**Со употребата на современите, штедливи уреди кои не ја оптеретуваат околината**, потрошувачката на електрична енергија, како и трошковите за сервисирање значително ќе се намалат, се очекува **смалување на користењето на електрична сила за минимум 40%**.

Станува збор за модернизација на светлечкиот ентериер по пат на финансирање со аконтација.

Финансирањето е со аконтација од типот ESCO, каде што целокупниот трошок на инвестицијата се финансира од заштедата која настанува како резултат на реализација на развојниот проект, со напомена дека рокот на отплата на аконтацијата локалната самоуправа сама го одредува.

На подолг рок во периодот на самото отплатување се постигнува значително намалување на трошоците, при тоа доколку се избере оптимално решение целата заштеда да се користи за отплата на трошоците од инвестицијата, тогаш се постигнува оптимализација на рокот за финансирање на развојниот проект.

**Проектот аконтација во финансирањето,** значи не е потребно трошење на финансиските средства од буџетот на локалната самоуправа во развивањето на системот на светлечкиот ентериер, така што локалната самоуправа може планираните средства за оваа намнена да ги пренасочи во други инвестиции.

4. **Финансирање на развоен проект од заштеда на трошоци**

Модернизација на јавното осветлување е едно од најголеми можности за заштеда на локалната самоуправа,особено ако тоа се реализира по пат на финансирање со аконтација.

Заштедата обезбедува покритие и вложувања во современи инсталации, кои одговараат на најстрогите прописи, со што се одбегнуваат сопствени буџетски извори за реализација на технолошкиот развој.

Финансирањето по пат на аконтација овозможува сите трошоци на инвестицијата ќе бидат финансирани со заштеди кои произлегуваат од модернизацијата на системот.

**5. Контрола на флуксот на осветлување**

Со контролирање на светлосниот флукс може да се постигне минимум 40% заштеда на електричната енергија, која заштеда е независна од техничката состојба на системот.

Суштината на подесувањето на флуксот на осветлување се состои во тоа што за време на ноќните часови, кога според искуството сообраќајот е најмал јавното осветлување се смалува на минимум според пропишани строги правила при што со нормално око не се приметува смалувањето на јачината на осветлувањето, но во потрошувачката на електрична енергија претставува значителна заштеда.

Повеќегодишното искуство на овие системи укажува на нивно прилагодување на сите технички состојби при подесување на светлосниот лукс.

Покрај тоа што многу тешко се приметува со нормално око, другите предности се многу битни, како што се покрај значителното уштедување на електричната енергија, во голема мерка се смалува и расипувањето кое најчесто се случува со покачувањето на напонот во ноќните часови.

Со напомена дека потполниот трошок на инвестицијата се финансира од заштедата која е резултат на реализираниот развоен проект.

## 6. Одржување на јавното осветлување со ниски трошоци

Покрај модернизацијата на јавното осветлување, како инвестиција во локалната самоуправа, која резултира со голема финансиска заштеда, се овозможуваат и други заштеди, околу одржувањето, каде се нуди одржување на јавното осветлување по поволен трошковник.

## 7. Критериуми за модернизација и реконструкција на опремата за јавното осветлување

Стратешкиот партнер ќе добие од општината снимка за состојбата на уличното осветлување, во смисла на број на светлечки тела, консумираната електрична енергија во kWh и вградената моќност на постојните светлечки тела во kW.

Потоа на барање на општината стратешкиот партнер ќе изврши категоризација на уличното јавно осветлување на општината согласно директивите на Европската Унија.

Реконструкцијата и модернизацијата на опремата за јавно улично осветлување треба да се направи, согласно специфичните потреби на општината, во врска со видот, типот и моќноста на лампите.

Стратешкиот партнер потребно е да припреми информација во врска со стандардите за ефикасност на експлоатацијата на јавното улично осветлување на часови во една година, како и проценти на ефикасност во проценти на часови за една година согласно стандардите на Европската Унија а врз основа на добиените информации за консумираната електрична енергија во kWh и за вградена моќност на постојните тела во kW.

## 8. Планирање, припрема и реализација

Стратешкиот партнер е должен да обезбеди **работна проектна документација** и да ја достави до општината нето вредност за припрема на работната проектна документација.

Реконструкцијата ги опфаќа следниве активности: **демонтажа на старите светлечки тела и нивно документирано предавање во сопственост на општината, монтажа на нови светлечки тела, реализација на контролни инспекциски мерења на осветлувањето, техничка проверка и техничко примопредавање.**

Стратешкиот партнер во реализација на реконструкцијата ќе вклучи домашни подизведувачи,но одговорноста останува на стратешкиот партнер.

**Реконструкцијата се завршува најкасно за 120 дена** од денот на потпишување на договорот за модернизација на уличното осветлување на општината.

## 9. Обврски на договорните страни со услугите на јавното улично осветлување на општината

Стратешкиот партнер го **одржува уличното осветлување** на општината во што е опфатено: број на светлечки тела што се експлоатираат, број на светлечки тела каде се монтираат енергетски штедливи лампи, се припрема опис и рокови на одржувањето со базни цени, по кои цени ќе се фактурира на општината, со напомена дека во цената не влегуваат одржувањата на дефекти кои не се опфатени со реконструкцијата, одржувањето на дефекти како последица на вандализам, сообраќајни незгоди и слично.

Стратешкиот партнер се **грижи за развој и унапредување** на јавното улично осветлување на општината.

Стратешкиот партнер во одржувањето на јавното улично осветлување **вклучува домашни подизведувачи**, но одговорноста останува на стратешкикот партнер.

## 10. Обврски на општината во врска со експлоатацијата на јавното уличното осветлување

Општината раководи со **експлоатацијата на уличното осветлување**, а од реализираната заштеда на стратешкиот партнер навремено треба да ги исплатува на сметка пристигнатите долгови, согласно потпишаниот договор за модернизација и одржување на јавното осветлување.

Имено врз основа на **договорот за наплата се припрема фактура кон општината,** која во законски рок ќе биде платена на сметка на стратешкиот партнер, а во случај на доцнење и неплаќање би се пресметувала годишна камата поради доцнење.

Договорот за модернизација на јавното улично осветлување влегува во сила од денот на потпишувањето на договорот.

Договорот се потпишува во рок од 144 месеци (12 години), врз основа на големината на финансискиот износ на проектот и според најрентабилните услови погодни за враќање на средствата од заштедената електрична енергија кој локалната самоуправа ќе ги предложи.

По истекување на важноста на договорот, реализираната инвестиција од страна на стратешкиот партнер преминува во сопственост на општината.

Договорот за модернизација на уличното осветлување може да се измени и дополни со анекс договори согласно двете страни.

## 11. Критериуми за стратешкиот партнер

- Да е регистриран правен субјект во Република Македонија
- Да прикаже бонитет на своето работење
- Да приложи референца за искуство во модернизација и одржување на јавното улично осветлување во повеќе општини.
- Да приложи референца за искуство во модернизација и одржување на јавното улично осветлување во најмалку 2 (две) држави од Европска Унија.
- Да прикаже план за ангажирање на домашни подизведувачи.

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р

34.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на Здружение на граѓани ФК „Брегалница 2008“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-994/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

35.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“-ШТИП

Член 1

За развој на масовниот спорт во општината на Здружението на граѓани ФК „Брегалница 2008“-Штип се доделуваат финансиски средства во износ до 3.000.000,00 денари.

Член 2

Со цел да се обезбеди контрола на трошењето на средствата се задолжува Здружението на граѓани ФК „Брегалница 2008"-Штип да поднесува до Советот на Општина Штип тримесечен извештај за трошење на средствата и извештај за учеството на млади лица во активностите на здружението како и да изготви Програма за својата работа и да ја достави до Советот во рок од 15 дена.

Член 3

Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип за 2010 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување-то, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-994/1 | Совет на Општина Штип
24 февруари 2010 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска

36.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ БК „БАЛКАНЕЦ 2008"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на Здру-жение на граѓани БК „Балканец 2008"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-995/2 | Општина Штип
26 февруари 2010 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

37.

Врз основа на Барањето за спонзорство од БК „Балканец 2008“ број 07-57711 од 2 февруари 2010 година и член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ БК „БАЛКАНЕЦ 2008“-ШТИП

Член 1

За развој на масовниот спорт во општината на Здружението на граѓани БК „Балканец 2008“-Штип се доделуваат финансиски средства во износ до 750.000,00 денари.

Член 2

Со цел да се обезбеди контрола на трошењето на средствата се задолжува Здружението на граѓани БК „Балканец 2008“-Штип да поднесува до Советот на Општина Штип тримесечен извештај за трошење на средствата како и да изготви Програма за својата работа и да ја достави до Советот во рок од 15 дена.

Член 3

Средствата ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2010 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-995/1
24 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

38.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПЕРИОДОТ
ОД 29.04. ДО 23.12.2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Штип во периодот од 29.04. до 23.12.2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-996/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

39.

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 39 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ
ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПЕРИОДОТ
ОД 29.04. ДО 23.12.2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Штип во периодот од 29.04. до 23.12.2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-996/1
24 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

40.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за 2009 година за период од 01.-31.12.2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-997/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

41.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 26 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за 2009 година за период од 01.01. до 31.12.2009 година

.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-997/1
24 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

42.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-998/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

43.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 1/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-998/1
24 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

44.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД ЈП „ИСАР“
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај од ЈП „Исар“ за одржување на јавната чистота за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-999/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

45.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 1/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД ЈП „ИСАР“
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот од ЈП „Исар“ за одржување на јавната чистота за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-999/1 Совет на Општина Штип
24 февруари 2010 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска

46.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА
ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1000/2 Општина Штип
26 февруари 2010 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

47.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА
ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1000/1 — Совет на Општина Штип
24 февруари 2010 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска

48.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА „МАКФЕСТ 2009“
ОД СРЕДСТВАТА ОДОБРЕНИ ОД БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за потрошени средства за „Макфест 2009“ од средствата одобрени од буџетот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1001/2 — Општина Штип

26 февруари 2010 година Градоначалник

Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

49.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА „МАКФЕСТ 2009“
ОД СРЕДСТВАТА ОДОБРЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се усвојува Извештајот за потрошени средства за „Макфест 2009“ од средствата одобрени од буџетот на Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1001/1 Совет на Општина Штип
24 февруари 2010 година Претседател

Ш т и п Сузана Николовска

50.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И БУЏЕТОТ
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВА ГОДИНА,
БОЖИЌ 2010 И ДЕНОТ НА ГРАДОТ „19 ДЕКЕМВРИ“

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за остварување на Програмата и буџетот за одбележување на Нова Година, Божиќ 2010 и Денот на градот „19 декември“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1002/2
26 февруари 2010 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

51.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 февруари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И БУЏЕТОТ
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВА ГОДИНА,
БОЖИЌ 2010 И ДЕНОТ НА ГРАДОТ „19 ДЕКЕМВРИ“

I

Се усвојува Извештајот за остварување на Програмата и буџетот за одбележување на Нова Година, Божиќ 2010 и Денот на градот „19 декември“.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1002/1
24 февруари 2010 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

52.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕОНИЗАЦИЈА
НА ЈАВНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за утврдување на реонизација на јавните основни училишта во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1003/2
26 февруари 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

53.

